

# СВЕТОТ НА УМЕТНОСТА
# THE WORLD OF ART



## ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА
## VEVCANI GATHERINGS

МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА
INTERNATIONAL ART COLONY

# ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА
# VEVCANI GATHERINGS

# СВЕТОТ НА УМЕТНОСТА
# THE WORLD OF ART

Фондација за стратегиски истражувања
“Киро Глигоров“

ДОО ВИА Вевчани
DOO VIA Vevcani

# ВЕВЧАНСКИ ВИДУВАЊА
# VEVCANI GATHERINGS

*2013*







## КОЛОНИЈАТА ПРЕРАСНА ВО ИМПЕРИЈА

Секое ликовно дело на Меѓународната ликовна колонија „Вевчански видувања“ има своја приказна. На годинашнава – стотина приказни. Инспирирани од волшебните можности што ги нуди вевчанското поднебје. Со историјата, црквите и манастирите, староградската архитектура, дело на вевчанските мајстори, природните убавини, изворите и нескротливите води. И секако, со близината на прекрасното Охридско Езеро, древните Охрид и Струга, со културно историските споменици и светските културни манифестации. Сето тоа дава посебен поттик и инспирација за високи ликовни уметнички остварувања.

Годинава уште еднаш беше потврдена реалната претпоставка дека Вевчани може да биде центар на меѓународно ликовно случување. Да покани и анимира врвни ликовни творци, како од Републиката, така и од балканските земји и пошироко. Тие пак, за возврат, создаваат творби кои оставаат длабоки траги за нивниот престој и остварувања на овие простори. Како и во изминативе години, и годинава, со нови сликари, со нови идеи и со стари пријатели на Ликовната ко-

## THE COLONY BECOMES AN EMPIRE

Any art work of the International Art Colony “Vevcani Gatherings” has its own story. At this year - a hundred stories inspired by the magical possibilities offered by Vevcani environment – the history, churches and monasteries, old architecture, the work of Vevchani masters, amenities, springs and raging waters. And, needless to say, the proximity of the beautiful Ohrid Lake, the ancient towns of Ohrid and Struga, the cultural and historical monuments and the international cultural events. It gives special impetus and inspiration for high artistic masterpieces.

This year it was demonstrated again that Vevchani can be the center of an international art event. Also, that the colony can invite and motivate top artists from the Republic of Macedonia, from the Balkans and beyond, to be part of this colony. In return, the artists create art works leaving deep traces of their stay and their accomplishments in these areas. As in past years, at the colony this year there were new artists with new ideas, but, also, there were some old friends of the colony, who had been part of all previous gatherings. Twenty-seven academic painters of different generations and

лонија, од кои некои зедоа учество на сите досегашни средби. Оваа година во Вевчани сликаа 27 академски сликари, припадници на различни генерации и преокупации. Покрај стандардните сликари од Македонија и соседните земји – Србија, Бугарија, Албанија, Црна Гора, од Русија и Полска и за прв пат од Франција. И тоа тројца. Еден домицилен Французин од Парис, една Македонка и еден Египчанец, кои над 30 години живеат и сликаат во Париз. За прв пат и ликовен уметник од Грција, кој, воодушевен од можностите што ги пружа вевчанското поднебје и непосредноста и пријателството на мештаните, вели дека, до колку биде поканет и нареднава година ќе учествува на ова прекрасно ликовно дружење.

Четири години е кус период за да може да се донесуваат некакви заклучоци за резултатите и достигнувањата на оваа колонија. Но, може да се каже дека досегашните средби и квалитетот на ликовните дела даваат гаранција дека оваа меѓународно ликовно изразување е на патот да стане традиционално, препознатливо и високо вреднувано како културен настан со пошироки димензии. Не случајно беше споменато дека тука, во Вевчани, секоја година Меѓународната ликовна колонија “Вевчански видувања“ прераснува во ликовна империја. Со збогатувањето на досегашните ликовни средби со нови содржини се провоцираат и остваруваат нови вредности во ликовниот живот, и во Република Македонија, и во соседните земји. Ова особено со досега одржаните изложби, во Македонија и надвор, кои предизвикаа голем интерес кај ликовната публика.

*Живко Кондев*
*Ѓорѓи Угриновски*

occupations took participation at the art colony in Vevcani tis year. Besides standard participants from Macedonia and neighboring countries - Serbia, Bulgaria, Albania and Montenegro, then from Russia and Poland, for the first time, there were painters from France. Three of them - one domiciled Frenchman from Paris, a Macedonian and one Egyptian that over 30 years live and work in Paris. And, also for the first time, an artist from Greece, who was impressed by the possibilities offered in Vevcani, by the immediacy and friendship of locals – he says, if he is invited next year, he will be happy to participate to this wonderful art gathering.

Four years is a short period to make any conclusions about the results and achievements of the colony. However, we can say that the quality of art works produced during previous gatherings guarantees that this international artistic expression is on the right path to become a traditional one and recognizable and highly valued as a cultural event with wider dimensions. It was not accidently mentioned that, here in Vevcani, the Art Colony Vevcani Gatherings has been growing each year, hence becoming an art empire. Introducing some new contents to these art gatherings each year bring about and realize new values in the art life of the Republic of Macedonia and neighboring countries. This especially relates to the exibitions already organized in the Republic of Macedonia and abroad provoking great interest in art audience.

*Zivko Kondev*
*Gjorgi Ugrinovski*



# ВЕВЧАНСКИ СЛИКАРСКИ ЛАКРИМАРИН

Вевчанските сликари, сите што дошле на Меѓународната ликовна колонија “Вевчански видувања”, од милост, си ги сметаме за тукашни, за свои, така и си ги почитуваме и кон нив со сето човекољубие се однесуваме, зашто тие веќе го имаат нашиот вечен вевчански простор, кој е и нивни, како потврда на постоењето и творењето, на богатењето на нашата духовна вертикала за опстојување. Се рекло, уште еднаш нека се повтори дека секоја новосоздадена слика, за сликарот претставува неговиот најголем и најтраен имот, и уште секоја слика насликана тука, претставува солза што капнала на срцето на творецот, кој што со бојата и платното го оживува нашиот и сечиј живот и остава трајна трага во просторот и времето. Ова како да е вечна порака од минатото упатено до иднината, од минатиот до сегашниот сон на вевчанските неимари, кои со својот творечки занес и со уште поголема сласт и страст небиднината ја претварале во светост, која ќе светли и ќе му го покажува правецот на творечкото движење и на самиот творец и ќе не потсетува и опоменува на дарбата, за вечноста. Точно тоа е оној трепет што се раѓа и не уверува дека ли-

# THE PAINTING LAKRIMARIN OF VEVCANI

We consider all painters who came to the International Art Colony “Vevcani Gatherings”, as locals, as ours, and we respect them and give them a philanthropic treatment, because they already poses our eternal Vevcani space which becomes theirs as well, as a confirmation of the existence and creation and of the enrichment of our spiritual vertical of survival. It has already been said, let us reiterate that each newly created painting is the biggest and the most enduring property of the artist, and yet every picture painted here is a tear that drops to the heart of the creator, who uses the paint and the canvas to make our life and everybody’s life vivid, leaving behind a lasting mark in space and time. This is like an eternal message sent from the past to the future, from the past to the present dream of the Vevcani makers, who used their creative dedication and even greater gusto and passion, and transformed the nothingness into holiness which will light and will show the direction of creative movement to the artist and will remind us and warn us of the gift and of the eternity. It is the shimmer that is born, assuring us that the art works created at “Vevcani Gatherings” are realized creative amalgam that binds dream

ковните дела создадени на “Вевчански видувања”, претставуваат остварен творечки амалгам кој што го поврзува сонот со коренот, со времето со космогонијата на самоспознавањето. Ликовните дела создадени во куќата на уметноста “Виа Игнација” во Вевчани се плод на бројните сликари од уште побројните генерации, истражувања и правци, валоризација низ различните вредносни системи и од Македонија, Балканот и светот. Тие се вткаени во делото како чин на внатрешен немир и свечености, според кои создадените дела тука, и сега, се силни во своите пораки, а уште посилни во загработ и перцепцијата, со која ја поставуваат сликата на рамништето од една извојувана сликарска борба во и со себе. А тоа ќе рече дека создадените дела - слики така поставени и завештани немаат граница меѓу себе и пејсажот, меѓу набујатите води и времето, како и вевчанскиот простор исполнет со добрини, лиџботии, опстојувања, простумења и умеења.

Тие, сликарските рожби, тука, ја размножуваат оноричката определба и не уверуваат дека слеаноста со тишината и светлината, звуците и роморот на водите се драги камења од нашта свест и потреба од сведоштво за вековноста на постоењето и сликарството. Сликарите во Вевчани го везат пурпурниот хоризонт и се вселуваат меѓу бескрајните ветки и залези, меѓу гргорливоста на бисерните капки и врвовите, меѓу еросот и танатосот, и така прегрнати патуваат кон љубопитниот гледач. Василичарските ликови, старата, а сепак зачувана вевчанска архитектура и фрагменти од далечни спомени и ликови, и иверки од некакви одминати кавалкади и оксиморони доволно зборуваат за создадениот ликовен имот на ова наша колонија и за освоениот и овенчан простор на солзите - слики.

with a root, time with cosmogony of self-realization. The art works created in the art house “Via Egnatia” in Vevcani are fruits of numerous painters of many generations, researches and directions, and valorization through different value systems from Macedonia, the Balkans and the world. They are woven into the art piece as an act of inner turmoil and festivities, according to which the created works here and now, are strong in their messages, and even stronger in range and perception, which sets the image to the level of a painting battle won inside and with you. It means that the created works - paintings placed and promised as such, have no boundary between self and landscape, between abundant waters and the time, and, between the Vevcani space filled with goodness, beauty, persistence, standings and skills.

They, the painting offsprings, here reproduce the onoric commitment and assure us that merging with silence and light, with the sound of water splash, are the gemstone of our own consciousness and need for testimony of centuries of existence and painting. Painters in Vevchani embroider the purple horizon and move-among endless twigs and sunsets, among the ripple of the pearl drops and peaks between Eros and Thanatos, and so embraced travel to the curious viewer. Vasilica characters, old and yet preserved architecture of Vevcani and fragments of distant memories and characters, and chip of some long gone cavalcade and oxymoron, speak about the art assets created in this Colony and about the conquered and crowned tear space – the paintings.

We would say that this creative painting upgrade happening every summer in the mythical and delimited spiritual space of Vevcani celebrates art and makes the space sparkling, filling it with color and light. From here, from Vevcani trickles the second source, besides the one of

Би рекле и би  додале дека оваа творечка сликарска надградба што се одигрува секое лето во митскиот и омеѓен духовен простор на Вевчани, ја слави уметноста и го искри просторот, полнејќи го со боја и светлина. Од тука, од Вевчани, потекува и вториот извор, покрај оној на водата. Овој е извор на уметноста, на сликарството и на создадените слики.

*Мишо Китаноски*

the water. This is the source of art, of painting and of the art pieces created.

*Misho Kitanovski*

# Вевчански видувања
## - сликари -

# Vevcani Gatherings
## - painters -

## ИЛИЈА КАВКАЛЕСКИ ILIJA KAVKALESKI



Како доајен на Меѓународната ликовна колонија „Вевчански видувања“ и учесник на сите досегашни средби, можам да кажам дека секојпат бев исполнет со прекрасни доживувања и на ликовен, но и на духовен план. Размената на искуства и дружењето со колегите од Балканот и пошироко, на моите поодминати години од животот, секогаш ми даваше поттик за творечка работа и нови остварувања. Особено ме радува што секоја година на оваа ликовна колонија учествуваат млади колеги, кои внесуваат нови содржини од македонската и европската ликовна култура.

As the doyen of the International Art Colony “Vevcani Gatherings” and participant in all previous meetings, I can say that I was always filled with awesome experiences not only artistically, but also spiritually. The exchange of experiences and friendships with my colleagues from the Balkans and wider, even in my older years of life, always gave me encouragement for creative work and new achievements. I am particularly pleased that each year this colony hosts young fellow who bring in new content from Macedonian and European art culture.

*Роден е во 1932 година во Прилеп. Училиште за применета уметност завршува во Скопје, а Факултет за применета уметност во Белград. Покрај целосната посветеност на конзерваторството и реставрацијата, како и на педагошката работа, Илија Кавкалески има остварено повеќе од 20 самостојни и групни изложби и учествувано на повеќе ликовни колонии. Особено е препознатлив по неговите специфични акварели и портрети. Носител е и на повеќе награди и признанија во поранешна СФРЈ, како и во Република Македонија.*
*Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*Адреса: ул.„Будимпештанска’ бр.23б*
*Тел. +389 (0) 23061-341*

*He was born in Prilep in 1932. He finishes School of Applied Arts in Skopje and graduates from the Faculty of Applied Arts in Belgrade. Besides the full commitment to conservatory and restoration, as well as the pedagogical work, Ilija Kavkaleski has achieved more than 20 solo and group exhibitions and participated to many art colonies. He is especially known for his portraits and specific watercolors. He is a holder of many awards and recognitions in the former Yugoslavia and in the Republic of Macedonia. Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*Address: st.Budimpestanska number 23 b*
*Tel. +389 (0) 23061-341*



## ГЛИГОР ЧЕМЕРСКИ

Вевчани буквално маѓепсува со природните убавини, со питомите луѓе, секогаш спремни за дружба, со силното чувство за убавото и за уметноста воопшто. Тука сум сосема смирен, опуштен, инспириран за нови творечки дострели. Токму затоа и бев учесник на сите досегашни колонии „Вевчански видувања“.

## GLIGOR CEMERSKI

Vevcani literally enchantes by the natural beauty, the amiable people always ready for companionship, the strong sense of beauty and art in general. Here I am quite calm, relaxed, inspired for new creative achievements.
That's why I have participated to all previous colonies "Vevcani Gatherings."



*Роден е во Кавадарци во 1940 година. Се образувал во Скопје, Белград и Париз, како сликар, графичар и мозаичар. Завршил Академија за ликовни уметности во Белград и постидипломски студии на истата Академија. Како стипендист на француската влада, престојувал во Париз и од тогаш често работи и излага во Франција. Излагал свои дела на над 60 самостојни и 70 групни изложби ширум светот. Автор е на неколку монументални дела и мозаици во Скопје, Вруток, Кавадарци, Кочани и др. Добитник е на над 20 врвни награди и признанија. Член е на МАНУ и почесен член на Руската художествена академија - Империјална. Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*Адреса: ул.„Партизански одреди“-93/3-13*
*Тел. + 389 (0) 23 07 576; +389 (0)70/21 92 72*
*e-mail: alex@gral.com.mk*

*He was born in Kavadarci in 1940. Educated in Skopje, Belgrade and Paris, as a painter, graphic and mosaic maker. Graduated from Academy of Fine Arts in Belgrade and finished post-graduate studies at the same Academy. As a fellow of the French government he studies in Paris and after that often visits and exhibites in France. He has over 60 solo and 70 group exhibitions worldwide. He has produced number of monumental works and mosaics in Skopje, Vrutok, Kavadarci, Kocani and others and received over 20 top awards and recognitions. He is a member of Macedonian Academy of Sciences and Arts and honorary member of the Russian Academy of of Arts-Imperialna. Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*Address: st."Partizanski odredi" 93/3-13*
*Tel. + 389 (0) 23 07 576; +389 (0)70/21 92 72*
*e-mail: alex@gral.com.mk*

## РАТКО ВУЛАНОВИЌ

## RATKO VULANOVIC



Вевчани е единствено по убавините и добрите луѓе. А Меѓународната ликовна колонија „Вевчански видувања“ е врв на сите врвови. Среќен сум што го посетив ова прекрасно место, колонијата на која и посакувам долго да трае.

Vevcani is unique in its magnificence and good natured people. But, the International Art Colony “Vevcani Gatherings” is the highlight of all peaks. I am happy to visit this beautiful place and to be part of the art colony and I wish it lasts long.

*Роден е во село Лаз, крај Никшиќ (Црна Гора). Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Белград во 1968 година, каде завршил и постдипломиски студии во 1971 година. По завршувањето на студиите добива статус на слободен уметник. Во 1965 година добива Прва награда за скулптура на конкурс на Сојузот на младината на Југославија. Во 1972 година добива стипендија од Фондот Моша Пијаде и престојува извесно време во Грција. Покрај со скулптура, што му е главна преокупација во неговото богато творештво, се занимава и со други форми на ликовна уметност.*
*Живее и работи во Белград, Република Србија.*

*Тел. ++ 381 642 184 800*

*He was born in village Laz near Niksich (Monte Negro). He graduated from the Academy of Arts in Belgrade in 1968, where he also finished postgraduate studies in 1971. After finishing his education he became free artist. In 1965 he received the first prize for sculpture from the Youth Allience of Yugoslavia. In 1972 he received a scholarship from the Mosha Piyade Fund and stay some time in Greece. In addition to the sculpture, which is a major preoccupation in his wealth creation, he is engaged in other forms of art. Lives and works in Belgrade, Republic of Serbia.*

*Tel. ++ 381 642 184 800*



## СИМЕОН ШЕМОВ

Специфична колонија, навистина!
Локацијата - планински амбиент, чиста околина; наоколу архитектура со монументални обележја...
Организацијата, условите за уметничко творење и гостопримството ги заслужуваат сите пофалби.
Се чуствувам горд што оваа ликовна колонија потврдува дека во Македонија има и такви места и луѓе каде што се цени статусот творец.

## SIMEON SHEMOV

Specific colony, really!
Location - mountain setting, clean environment; architecture with monumental landmarks arround...
The organization, conditions for art creation and hospitality deserve congratulations.
I feel proud because this colony proves that in Macedonia there are places and people who appreciate the status creator.



*Роден е во Кавадарци, Република Македонија во 1941 година. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Белград во 1964 година. Од 1970 до 1981г. предавал сликарство и цртеж на Архитектонскиот факултет во Скопје, а од 1981 предава сликарство, цртеж, акт и разна изработка на хартија, во својство на доцент, вонреден и редовен професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, каде бил и декан. Бил и визитинг-професор на повеќе институти и факултети во САД, Јапонија, Бугарија и др. Имал голем број самостојни и групни изложби во земјата и во странство. Добитник е на повеќе национални и меѓународни награди за достигања во ликовната уметност.*
*Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*Адреса: Бул. Партизански одреди бр. 66-б.1/17*

*He was born in Kavadarci, Republic of Macedonia in 1941. He graduated from the Faculty of Fine Arts in Belgrade in 1964. From 1970 to 1981 taught painting and drawing at the Faculty of Architecture, and from 1981 taught painting, drawing, nude painting and paper art, as an assistant professor, later as associate and full professor at the Faculty of Fine Arts in Skopje, where he was also a dean. He was also a visiting professor at several universities and institutes in the United States, Japan, Bulgaria and others. He had many solo and group exhibitions at home and abroad. He is winner of many national and international awards for art achievements.*
*Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*Address: Bul. Partizanski odredi № 66-b. 1/17*

## ДОНЕ МИЛЈАНОВСКИ

Ако сакаш да и ја одмориш душата, дојди во Вевчани. Ако сакаш да најдеш луѓе домаќини со чиста душа, дојди во Вевчани. Ако сакаш да твориш, размислуваш и да се дружиш, дојди во Вевчани. Ако сакаш да допреш до рајот, дојди на вевчанските извори. Дојди во Вевчани - патот Виа Игнациа те води токму таму.

## DONE MILJANOVSKI

If you want to relax your soul, come in Vevcani. If you want to find good people with pure soul, come in Vevcani. If you want to create, think and make friends, come in Vevchani. If you want to reach the Heaven, come to Vevcani Springs. Come in Vevchani - the Via Egnatia road leads you there.





*Роден е во Статица, Костурско (Грција). во 1941 година. Дипломира на Академија за применета уметност во Будимпешта, по што се запишува на специјализација, односно магистратура и е асистент на Академијата. Во Скопје доаѓа во 1969 година и работи во МРТ. На Факултетот за ликовни уметности во Скопје е доцент по текстилен дизајн се` до пензионирањето. Во повеќе сликарски техники - сликарство, таписерија, цртеж, графика, дизајн - Доне Милјановски се има претставено на голем број домашни и меѓународни изложби. Негови дела има во повеќе приватни колекции во РМ и надвор.*
*Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*Адреса: ул. Иван Цанкар 58 А*
*Тел.. ++ 389 (0) 71 264 068.*

*He was born in Statica, Kastoria (Greece) in 1941. He graduates from the Academy of Applied Arts in Budapest, where he also enrolles specialization and receives master degree and becomes assistant-professor. In 1969 he comes to Skopje and works for the Macedonian Radio and Television. Until his retirement he is assistant-professor of textile design at the School of Fine Art. Done Miljanovski presents himself in a number of domestic and international exhibitions with different painting techniques - painting, tapestry, drawing, graphics, and design. His art pieces are in many private art collections in Macedonia and abroad.*
*Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*Address: ul. Ivan Cankar 58 A*
*Tel. ++ 389 (0) 71 264 068.*



## КЛОД ДЕР`ВЕНТ

Импресиониран сум од организацијата на колонијата, љубезноста и од гостопримството на Вевчанци. Се сретнав со стари пријатели, уживав во убавата природа и прекрасната македонска кујна. Со моите колеги имавме идеални услови за творештво. Не можам а да не изразам голема благодарност на домаќините и организаторите.

## CLAUDE DER’VENT

I am impressed by the organization of the colony, the kindness and hospitality of the people of Vevcani. I met old friends, enjoyed the beautiful nature and wonderful Macedonian cuisine. With my colleagues we had ideal conditions for creativity. I have to express my gratitude to the hosts and organizers.

*Клод Дер’вент е роден 1948 година во Париз. Имал повеќе десетици самостојни изложби во бројни европски градови, а учествувал и во повеќе колективни изложби ширум светот. Во последните две децении учествувал на повеќе ликовни колонии во Македонија и на Балканот. Неговите слики се дел од колекциите на бројни љубители на ликовната уметност во светот.*
*Живее и работи во Париз, Франција.*

*He was born in Paris, France, in 1948. He had dozens of solo exhibitions in many European cities, and has participated in several collective exhibitions around the world. In the last two decades has participated in several art colonies in Macedonia and the Balkans. His paintings are part of numerous collections of art lovers worldwide.*
*Lives and works in Paris, France.*



# ЖИВКО А. ПОПОВСКИ – ЦВЕТИН

Вевчани е божја убавина на животот и бесмртноста, на водата и огнот, на Небото и Земјата, на Сонцето и Месечината, крстосница на сите патишта каде течат вевчанските чисти води, пренесувајќи ја македонската порака за мир, пријателство и љубов кон сите луѓе во светот.

# ZIVKO A. POPOVSKI - CVETIN

Vevcani is divine beauty of life and immortality, water and fire, the heavens and the earth, the sun and moon, the crossroad of all roads where Vevcani clean water run, carrying the Macedonian message of peace, friendship and love for all people in the world.

*Роден е во 1944 година во Брезово, Република Македонија. Завршил Земјоделски факултет во Белград. Сликарството му е голема љубов уште од најрани години. Главен мотив на неговото сликарство е цвеќето. Речиси целокупното свое творештво го има посветено на цвеќето и на неговата мировна мисија. Подарил над 40 илјади слики „цвеќиња на мирот“ на државници, политичари, поети, музичари, нобеловци, студенти, ученици, артисти, хуманитарни организации, здруженија и др. Организирал над 300 изложби во земјата и странство. Во 2009 година Македонскиот центар за култура и развој на Скопје го номинирал за Нобелова награда за мир во 2009 година. Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*Адреса: Ул. Франклин Рузвелт 4/II*
*Тел. ++ 389 (0)71 793 922*
*e-mail: zivko.cvetin@yahoo.com*

*He was born in Brezovo (Macedonia) in 1944. He graduated from the Faculty of Agriculture in Belgrade. Painting is his great love since his early age and flowers are the main motive of his art. He dedicates almost all his work to the flower and to his peacekeeping mission. He has donated over 40 thousand paintings - “Flowers of Peace” - to statesmen, politicians, poets, musicians, Nobel laureates, students, artists, charities, associations and others. He has organized over 300 exhibitions at home and abroad. In 2009, the Macedonian Center for Culture and Development in Skopje nominated him for the Nobel Peace Prize in 2009. Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*Address: st. Franklin Ruzvelt 4/II*
*Tel. ++ 389 (0)71 793 922*
*e-mail: zivko.cvetin@yahoo.com*





## ДАНЧО ОРДЕВ DANCO ORDEV

По втор пат се враќаме за дружење на стари места, со добри луѓе. Мозаик од пријатели, стари и нови колеги. Овој пат откриваме незаменливи утрински прошетки и интересни разговори. А водата тече незапирливо и не прашува за време. Како вечноста.

The second time we return to old places for hanging out with good people. Mosaic of friends, old and new colleagues. This time we discover indispensable morning walks and interesting talks. The water runs inexorably, not asking for time. As eternity.

*Данчо Ордев е роден во 1945 година во Скопје. Училиште за применета уметност завршува во Скопје, а дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Загреб. Од дипломирањето во 1973 година до денес работи како сликар и како професор - ликовен педагог на Педагошкиот факултет во Скопје. Стручно се усовршувал во Италија, поранешен СССР и Франција. Има повеќе од 30 самостојни и над 40 поважни групни изложби. Добитник е на повеќе награди за сликарство во Република Македонија и надвор од неа.*
*Неговите дела се наоѓаат во музеи, државни институции, државни претставништва во странство, приватни и општествени колекции. Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*Адреса: ул. Виктор Иго, бр.9/26*
*Тел. ++ 389 (0) 70 268 622*
*e-mail: ordevd@yahoo.com*

*Danco Ordev was born in Skopje in 1945. Finishes School of Applied Arts in Skopje, and graduates from the Academy of Fine Arts in Zagreb. Since graduating in 1973 he has been working as a painter and as a teacher - art teacher at the Pedagogical Faculty in Skopje. He has professional accomplishments in Italy, former USSR and France. He has more than 30 solo exhibitions and over 40 more important group exhibitions. He receives numerous recognizable awards for painting in the country and abroad. His paintings are found in museums, public institutions, government representative offices abroad, public and private collections.*
*Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*Address: st.Viktor Igo number 9/26*
*Tel. ++ 389 (0) 70 268 622*
*e-mail: ordevd@yahoo.com*

## ЗАПРО ЗАПРОВ ZAPRO ZAPROV



Вевчани: мит, историја, реалност - одлики изнедрени од бистрите води (изворите), вткаени во уникатниот народен дух вевчански, бистрина изразена преку оригиналната карневалска креативност и севкупното вевчанско живеење. Престојот во Вевчани и колонијата, за мене се посебно доживување и привилегија која треба да се заслужи. Оптимални услови за престој и работа, и размена на творечки искуства. На многаја лета!

Vevcani: myth, history, reality – features originated from the clear waters (springs), embedded in the unique spirit of the people of Vevcani, clarity expressed through original carnival creativity and the entire life in Vevcani. The stay in Vevchani and the art colony for me is a special experience and a privilege to be earned. Optimal conditions for residence and work, and exchange of artistic experiences. For many years to come!

*Роден е во 1947 год. во с. Пиперово, Струмичко. Редовен професор е на Педагошкиот факултет во Скопје. Во Македонија и во 30-тина држави во светот концертрира, самостојно реализира и учествува на семинари, проекти и стручни трибини од областа на хорската и музичко-педагошката дејност. Покрај ова, тој подолг период е исклучително активен и во ликовната уметност. До сега реализирал 40- самостојни изложби и учествувал на повеќе домашни и меѓународни ликовни колонии. Создал околу 400 ликовни дела во повеќе техники и оригинална техника – черга, од кои голем број се во приватни колекции во земјата и во странство. Добитник е на бројни (над 110) врвни домашни и меѓународни награди и признанија, меѓу кои и високото државно признание – наградата “11 Октомври“ Живее и работи во Скопје, Република Македонија.*

*e-mail: aprozaprov@yahoo.com*

*He was born in the village Piperovo, Strumica, in 1947. He is a full-time professor at the Pedagogical Faculty in Skopje. In Macedonia and in 30 countries worldwide he holds concerts, realizes and participates in seminars, projects and professional debates in the field of choral and musical pedagogical activities. In addition, for a long period of time, he is extremely active in the fine arts. Until now, he has realized 40 - solo exhibitions and participated in numerous domestic and international art colonies. He has created about 400 art pieces in several techniques and the original technique - rugs, many of which are in private collections at home and abroad. He is a winner of numerous (over 110) top national and international awards and recognitions, including the prestige state award – the “11-th October” Award Lives and works in Skopje, Republic of Macedonia.*

*e-mail: aprozaprov@yahoo.com*



## ИЛИЈА СПАСОВСКИ - ЧЕНДО

## ILIJA SPASOVSKI - CHENDO

Одлична организација. Добар амбиент. Благодарам на организаторите што ме поканија (по трет пат, како пријател на колонијата) да бидам учесник на оваа несекојдневна ликовна манифестација.

Excellent organization. Good setting. Thanks to the organizers for inviting me (for the third time, as a friend of the colony) to be a participant in this fancy remarkable art event.

*Роден е во 1948 година во Калањево. Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Член е на ДЛУМ. Учествувал на 20-тина самостојни и групни изложби, како и на повеќе ликовни колонии во Македонија и во странство. Делата на авторот се наоѓаат во приватни колекции во Германија, Италија, Франција, Бугарија, Швајцарија, Хрватска, Србија, Македонија и др.*
*Живее и работи во Неготино, Република Македонија.*

*Тел. ++ 389 (0)43 363 152;*
*++ 389 (0)75 980 792*

*He was born in Kalanjevo in 1948. He graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje. He is member of DLUM. He participated in 20 solo and group exhibitions, and more art colonies in Macedonia and abroad. The works of the author are present in private collections in Germany, Italy, France, Bulgaria, Switzerland, Croatia, Serbia, Macedonia and others.*
*Lives and works in Negotino, Republic of Macedonia.*

*Tel. ++ 389 (0)43 363 152;*
*++ 389 (0)75 980 792*

## САЕД ДАРВИШ SAYED DARWICHE



Имам извонредни впечатоци од Вевчани, од преубавата природа и прекрасните луѓе. Ова најдобро можам да го поткрепам со фактот што мојот престој во ова божественo место после Колонијата го продолжив уште 10-тин дена.

I have excellent impressions of Vevcani, the beautiful nature and wonderful people. That was the reason why I continued my stay in Vevcani another 10-teen days after the colony finished.

*Роден е во 1949 година во Каиро, Египет. Еден е од водечките египетски современи ликовни уметници. Се занимава со творештво во повеќе техники – скулптура, калиграфија, дизајн и др. Од 1974 година твори во Париз, Франција. Имал повеќе десетици самостојни изложби во Каиро, Рим, Амстердам и др., а повеќе пати излага во Париз и во други француски градови. Учеството на Колонијата во Вевчани е негов прв престој во Македонија.*
*Живее и работи во Париз, Франција.*

*He was born in 1949 in Cairo, Egypt. He is one of Egypt's leading contemporary artists. His work includes using a variety of techniques - sculpture, calligraphy, design and more. Since 1974 has been working in Paris, France. He had dozens of solo exhibitions in Cairo, Rome, Amsterdam and others, and many times exhibited in Paris and other French cities. Participation in the Art Colony in Vevcani is his first stay in Macedonia.*
*Lives and works in Paris, France.*



## СЛАВКО УПЕВЧЕ

Прекрасниот амбиент на Вевчани, со бистрината на изворските води и гостољубивоста на мештаните, се непресушен вруток за уметнички предизвици. Овој впечаток го носам уште од прославата на Василица во јануари 1985 год. со мојата самостојна изложба на “Печалбарските денови“ во Вевчани.

## SLAVKO UPEVCHE

The wonderful ambience of Vevcani with clarity of spring waters and hospitality of the locals are endless vortex of artistic challenges.
The impression I carry originates from Julian celebration – Vasilica and my solo exhibition organized within “Migrant Workers Days” in Vevcani in January 1985.

*Славко Упевче е роден во 1951 година во Охрид. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности – Скопје. Се претставил на самостојни изложби во Македонија, Бугарија, Србија, Хрватска, Словенија и др. како и на повеќе групни ликовни изложби и колонии во Европа и Америка. Негови дела се наоѓаат во збирки на сите континенти.*
*Живее и работи во Охрид, Република Македонија.*

*Тел. ++ 389 (0) 46264009; ++ 389 (0) 46266897; ++ 389 (0) 70 212046*
*e-mail: slavkoupevce@hotmail.com*

*Slavko Upevche was born in 1951 in Ohrid. He graduated from the Faculty of Fine Arts - Skopje. Organized solo exhibitions in Macedonia, Bulgaria, Serbia, Croatia, Slovenia and others and participated in several group exhibitions and art colonies in Europe and America. His works are in the collections of all continents.*
*Lives and works in Ohrid, Republic of Macedonia.*

*Tel. ++ 389 (0) 46264009; ++ 389 (0) 46266897; ++ 389 (0) 70 212046*
*e-mail: slavkoupevce@hotmail.com*

## МИЛОШ КОЏОМАН II

## MILOSH KODZOMAN II



Ах...! Вевчани запамтено
низ една сугестивна сликарска
инспирација, каде раката сама слика,
понесена со вознес и восхит
од магичната убавина
на Вевчани.

Ah ...! Vevcani remembered
through an evocative painting
